Национална Агенција за
Европски Образовни Програми
и Мобилност

Education and Culture DG
Lifelong Learning Programme

Прирачник за корисници

# Партнерства

# За секторската програма Леонардо да Винчи

**2012**

## Содржина:

**За што служи прирачникот**.....................................................................3

**Вовед во Програмата Леонардо да Винчи**.....................................................3

- Основни податоци за Програмата Доживотно учење........................3
- Програма: Леонардо да Винчи............................................................4
- Цели на програмата Леонардо да Винчи...........................................4

**Земји учесници во Програмата**........................................................................5

**Кој може да аплицира за Подготвителна посета**........................................5

**Што претставува Леонардо Партнерства**.......................................................6

- Што претставува мобилноста во Партнерства?.................................6
- Што е работна програма?.....................................................................6

**Времетраење**.........................................................................................................6

**Финансиска поддршка**........................................................................................7

**Процесот на финансирање**..................................................................................7

**Финансиски Договор**............................................................................................8

**Пример од успешна апликација за Партнерства**.......................................9

**Леонардо да Винчи – успешни проекти**........................................................9

**ЗА ШТО СЛУЖИ ПРИРАЧНИКОТ?**

Прирачникот служи за сите оние кои се занинтересирани да се информираат за акцијата Партнерства од секторската програма Леонардо да Винчи, како и за тоа како да се аплицира и кои се моделите за поднесување на успешна апликација.

**ВАЖНО!!!** Институции од Република Македонија не можат да учествуваат во Партнерствата во 2012 година.

**ВОВЕД ВО ПРОГРАМАТА**

- **Основни податоци за Програмата Доживотно учење (LLP)**

Програмата Доживотно учење им овозможува на лицата кои се во било кој степен од нивните животи да се вклучат во едукативни активности насекаде во Европа. Има четири програми кои се фокусираат на различни нивоа на образование и обука: КОМЕНИУС, ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ, ЕРАЗМУС, ГРУНДВИГ.

- **Програма: ЛЕОНАРДО ДА ВИНЧИ**

**Леонардо да Винчи** програмата овозможува соработка во полето на стручното образование и обука. Основни цели на Леонардо да Винчи се првенствено овозможување на организациите кои се поврзани со стручно образование и обука да работат со европски партнери, да вршат размена на најдобрите практики, да ја зголемат стручноста на нивниот персонал, ученици, вработени итн. Затоа и ги поддржува напорите да се направи стручното образование попривлечно за младите луѓе.

- Акциите во Леонардо да Винчи се поделени на две групи:

**Децентрализирани:** акции кои се во надлежност на Националните агенции, а тие се во целост одговорни за нивното имплементирање.

- Мобилност
  - -Подотвителни посети
  - -ИВТ - Почетна стручна обука;
  - -ПЛМ - Луѓе на пазарот на трудот;
  - -ВЕТПРО - Професионалци во стручно образование и обука.
- Партнерства
- Трансфер на иновации

**Централизирани:** акции кои се во надлежност на Извршна агенција за nобразование, култура и аудиовизуелна политика (Education, Audiovisual and Culture Executive Agency):

• Мултилатерални проекти: кои се наменети за подобрување на системите за обуки преку фокусирање на развојот на иновации и добро работење.

• Тематски мрежи: на експерти и организации кои работат во специфични подрачја поврзани со образование и обука.

• Придружни мерки: за промовирање на целите на програмата "Леонардо да Винчи".

- **Цели на програмата Леонардо да Винчи**

-Да ги поддржи учесниците во обука, при понатамошното обучување и употребата на знаењето, а со тоа за унапредување на личниот развој преку подобрувањето на способностите и квалификациите;

-Подобрување на квалитетот и поддршка на иновацијата во стручното образование и обука, во институции и претпријатија;

-Да ја заголеми атрактивноста на стручното образование и обука и мобилноста на вработените и физичките лица, како и да ја поддржи мобилноста на практикантите (стажанти).

**Оперативни (работни) цели**

- Да ја подобри и да ја зголеми мобилноста на луѓето низ Европа кои се вклучени во стручното образование и обука и во континуирана обука, да се зголеми бројот на стажирања во претпријатијата, за најмалку 80 000 стажанти во година, до крајот на програмата "Доживотно учење" (LLP-Lifelong Learning Programme) ;
- Да ја подобри и да ја зголеми соработката меѓу институциите и организациите, фирмите и социјалните партнери и другите релевантни тела низ Европа;
- Поддршка за развивање иновативни практики во полето на стручното образование и обука надвор од терцијално ниво, вклучувајќи трансфер од една држава во друга;
- Поддршка на транспарентноста и признавањето на квалификациите и знаењата, вклучувајќи ги и оние кои се здобиени преку неформално и информално учење;
- Да ги поттикне учесниците за учење модерни странски јазици;
- Да го поддржи развојот на иновативни компјутерски технологии, пристапи и примени на програмата "Доживотно учење" (LLP-Lifelong Learning Programme

## ЗЕМЈИ УЧЕСНИЦИ ВО ПРОГРАМАТА

Земји учесници во програмата Леонардо да Винчи се:

- 27 земји-членки на Европската Унија (Австрија, Белгија, Бугарија, Велика Британија, Грција, Германија, Данска, Естонија, Ирска, Италија, Кипар, Литванија, Летонија, Луксембург, Малта, Полска, Португалија, Романија, Словенија, Словачка, Унгарија, Франција, Финска, Холандија, Чешка, Шпанија и Шведска).

- Исланд, Лихтенштајн Норвешка и Швајцарија (European Free Trade Association (EFTA-EEA) – т.е. оние кои се членки на Европската слободна трговска асоцијација и кои припаѓаат на Европскиот економски простор)

- Турција и Хрватска

## КОЈ МОЖЕ ДА АПЛИЦИРА

Секоја јавна, приватна или полу-јавна организација која е вклучена во стручното образование и обука и која е легално регистрирана во една од учесничките држави може да аплицира за грант за Подготвителна посета.

Примерите на организации кои можат да аплицираат, го вклучуваат следното:

- Институции или организации кои обезбедуваат можности за учење во полињата покриени од Леонардо да Винчи Програмата
- Асоцијации и претставници вклучени во стручното образование и обука, вклучувајќи и асоцијации на обучувачи, родители и наставници
- Компании, социјални партнери и други претставници на работниот живот, вклучувајќи стопански комори и други трговски организации
- Тела кои обезбедуваат насочување, советување и информациски услуги во однос на било кој аспект од доживотното учење
- Тела одговорни за системи и политики кои се однесуваат на било кој аспект од доживотното учење, стручно образование и обука на локално, регионално или национално ниво
- Истражувачки центри и тела зафатени со прашањата за доживотно учење
- Високо-образовни институции
- Не-профитни организации, волонтерски тела, невладини организации.

**ШТО ПРЕТСТАВУВА ЛЕОНАРДО ПАРТНЕРСТВА?**

Леонардо Партнерствата се кооперативни проекти од мал обем помеѓу организации кои работат на полето на стручното образование и обука, кои се фокусирани на теми од заеднички интерес.
Активностите можат да бидат поделени и се состојат од:

- локални активности во нивната институција (нивната држава); и
- мобилни активности кога се посетува партнер-институцијата во странство.

Партнерските проекти се идеални за организации кои се нови во Европската соработка и кои делуваат како прв чекор кон поголеми проекти како што се проектите Трансфер на иновации.

- **Што претставува мобилноста во партнестрва?**

Со едноставни зборови кажано: Една личност вклучена во посета на партнер-земја = 1 мобилност.
Траењето на мобилноста зависи од самите институции и поширокиот круг на луѓе кои се вклучени во Партнерствата. На пример, вработени, тренери, волонтери и административци можат да земат учество во активностите на мобилноста. Ако е потребно, и менаџерот на проектот може да учествува во мобилноста за да се обезбедат дека нема никакви бариери за учество. Иста личност може да биде дел од различни мобилности преку проектот.
На пример: Координаторот на проектот + двајца учесници посетуваат институција во Португалија = 3 мобилности.

- **Што е Работна програма?**

Работната програма е опис на активностите што треба да бидат преземени за времетраењето на проектот. Треба јасно да бидат поставени работите и активностите и да се покаже како сите учесници да бидат активно вклучени во проектните активности.

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ**

Сите Леонардо Партнерства траат 2 години. За успешна апликација, поднесена во Февруари 2012 година како краен рок, проектите официјално ќе почнат во август 2012 година.
Секоја организација во Партнерства мора да аплицира за грант до својата Национална агенција и нивоата на дозволени финансиски средства варираат во секоја земја, значи нивоата на финансирање се различни во сите земји.

## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

Грантот за Партнерства се доделува на секој партнер како паушална сума, кој е нов и едноставен метод на плаќање и помалку ја оптоварува администрацијата и организацијата.
Секој успешен проект ќе добие сума на пари која ќе биде учество на сите валидни трошоци за двете: локални активности и мобилности (на пример, патни трошоци, трошоци за живеење и трошоци за локални проектни активности). Сумата се поврзува со бројот на мобилности кои институцијата се согласува да ги преземе.
Не е потребно поднесување детален буџет во процесот на аплицирањето, ниту во текот на животниот циклус на Партнерството. Ова значи дека институцијата самостојно одлучува како е најдобро да се потрошат средствата, со цел да се остварат целите на Партнерствата и да се реализираат мобилностите.

**Нивоа на финансирање на Партнерства**

| Вид на Партнерство | Две (2) години Партнерство 2012 – 2014 |
|---|---|
| **Леонардо Партнерство (мало)** | **Минимум 4 мобилности** |
| **Леонардо Партнерство (средно)** | **Минимум 8 мобилности** |
| **Леонардо Партнерство (просечно)** | **Минимум 12 мобилности** |
| **Леонардо Партнерство (големо)** | **Минимум 24 мобилности** |

Не постои обврска на партнерите, во рамките на истото Партнерство, да побараат ист број на мобилности. Секој партнер треба да го дефинира своето барање врз основа на сопствена проценка според големината и капацитетот на својата институција.

## ПРОЦЕСОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

Уплатата содржи два дела:

- Пред- финансиска уплата од 80% од целосната сума (пред да почне подготвителната посета) и другиот дел од 20% откако ќе се одобри завршниот извештај (еден месец по враќањето), или како
- Една полна исплата (која следи после одобрениот завршен извештај).

Ако конечниот износ е поголем од износот кој Вашата институција го добила како пред-финансирање (80%), остатокот ќе Ви биде исплатен во рок од 3 недели.

Ако конечниот износ е помал од износот кој Вашата институција го добила како пред-финансирање (80%), Вашата институција мора да го почитува рокот од 3 недели да ги врати средствата во Националната Агенција.

**ФИНАНСИСКИ ДОГОВОР**

Доколку Вашиот проект е одобрен, Националната Агенција ќе Ви достави Договор за финансиска поддршка – грант кој ќе ги дефинира правата и обврските и на Националната Агенцијата и на корисниците, како и условите за исплата на финансиските средства (исплата, контрола, известување и т.н.). Националната Агенција на одбраната институција и доставува два примерока од Договорот, кој треба да биде потпишан од овластено лице и вратен по препорачана пошта назад во Националната Агенција.

Договорот стапува на сила откако законскиот застапник на Националната Агенција ги потпише и датира двата примероци. Потоа, еден примерок од Договорот се доставува по пошта до одобрената институција. По потпишувањето на Договорот, доаѓа до исплата на средствата. Пред почетокот на спроведувањето на активностите, Националната Агенција исплаќа 80% од одобрените средства, што се нарекува предфинансирање. Времетраењето на Договорот за финансиска поддршка се поклопува со периодот потребен за спроведување на предвидените активности, како и со периодот во кој ќе настанат трошоци кои се подобни да бидат покриени од грантот.

**ВРЕМЕНСКИОТ ЦИКЛУС ЗА ПРОЕКТИТЕ ЗА ПАРТНЕРСТВА**

<u>Фаза за аплицирање</u>

- 21 Февруари 2012  - Поднесување апликација;
- Јули-Август 2012 – Информирање на апликантот за резултатот на апликацијата;
- Август – Септември 2012 – Договор меѓу НА и институциите кои добиле грант за Партнерства.

<u>Проектен циклус</u>

- Август-Септември 2012 – Почеток на Партнерството;
- Септември 2012 – Почеток на семинар;
- Јуни 2013 – Поднесување извештај за напредокот;
- Јуни 2014 – Краен датум на проектот;
- Септември 2014 – Поднесување финален извештај.

**ПРИМЕР ОД УСПЕШНА АПЛИКАЦИЈА ЗА ПАРТНЕРСТВА**

*The One Assessment project is by Developing Initiatives Supporting Communities*

На почетокот, партнерството вклучило пет (5) држави, но само три (3) од нив добиле грант, и тоа: Бугарија, Велика Британија и Шведска. Но, двете партнер-држави не биле финансирани поради недостаток на финансии во буџетот на нивните земји. Тоа значи, само овие три држави го реализирале проектот.
Целта на овој проект била да развијат заедничка алатка за проценка која може да се користи за сите стручни учесници кои се соочуваат со неповолна положба.
Првата фаза на проектот се однесувала на тоа да се овозможи постојан прогрес на учесници кои се соочуваат со многу недостатоци во обезбедување знаење и вештина за што, се оценило дека ги опфаќа сите потреби.
Целта на алатката е да овозможи на Партнерството за споредба напредок на учесниците, како и да ги идентификуваат оние интервенции кои се најуспешни во прогресијата.
Вкупната оценка на алатката ги вклучува вештините на организациите на полето на менталното здравје, бездомништвото, навреда, употребата на дрога, како и младите луѓе со неформално образование, вработување или обука.
Иако овој проект сега вклучува малку партнери, Партнерството ќе привлече различни видови културни, економски и социјални перспективи.

Важна цел на Партнерствата е дисеминација и искористување на резултатите – Планираните активности за дисеминација и искористеност на резултатите се важни и треба добро да се дефинираат. Тие ги вклучуваат сите партнерски организации и ако е возможно, и пошироката заедница.

**<u>Леонардо да Винчи – успешни проекти:</u>**
http://ec.europa.eu/dgs/education_culture/publ/pdf/leonardo/mobility_en.pdf